# Животот на Јошуа

ВАЖНО!
Илустрациите за овие серии можат да се купат од повеќето канцеларии на МЕД и онлајн продавници. За да најдеш список на канцелариите на МЕД, како и на онлајн продавниците, посети ја страницата www.teachkids.eu/mk и кликни на „Локации“.

Оригинален текст: Рут П. Оверхолтцер
Адаптација за Европа: Џенифер Хаијер

Text published by European CEF
Kilchzimmer
CH-4438 Langenbruck
Switzerland

Copyright © 2001 Child Evangelism Fellowship
Сите права придржани. Преведено со дозвола.
Смее да се умножува за лична, непрофитна и некомерцијална употреба.
За комплетните детали во врска со правата посети ја страницата www.teachkids.eu/mk

## Содржина

**Лекција** **Страна**


| | | |
|---|---|---|
| 1 | Јошуа станува Божји водач | 3 |
| 2 | Црвеното јаже на прозорецот | 6 |
| 3 | Падот на Јерихон | 9 |
| 4 | Гревот на Ахан | 13 |
| 5 | Расказот за Гаваонците | 16 |
| 6 | Јошуа се збогува со народот | 20 |


## Вовед

Книгата на Јошуа не е само запис на некои историски настани што се случиле кога Евреите влегле во ветената земја. Оваа книга ни дава повеќе од Божјото откровение за Себе на еврејската нација. Таа ни раскажува како Бог го водел Својот народ во овој важен дел од неговата историја.

Оној кој пред 3400 години дејствувал на толку прекрасен начин во името на Својот народ, може да ги спаси, чува, води и да им даде сила на момчињата и девојчињата денес. Нашата молитва е преку овие лекции децата да стапат во личен однос со Господ и да го искусат Неговото дејствување во нивните животи.

Оваа серија на лекции не е првенствено евангелизаторска, иако Евангелието е вклучено на разни места. Може да ја потенцираш потребата за спасение во другите делови од програмата - на пример, во песните, или во некоја кратка поучна лекција која би можел да ја додадеш, или пак во некоја мисионерска сторија. Важно е неспасените деца да знаат дека си на располагање да им помогнеш ако имаат духовни проблеми, а особено ако сакаат да го примат Христос како свој Спасител. Во кој било момент за време на часот, па дури и за време на самата лекција, како што ќе те води Светиот Дух, би можел да кажеш нешто вака:

"Ако сè уште не си Го замолил Христос да биде твој Спасител, а си загрижен поради својот грев, треба денес ти да се свртиш кон Господ и да го примиш од Него прекрасниот подарок на простување и вечен живот. Можеш да го сториш тоа токму тука каде што седиш, или пак покрај својот кревет кога ќе си отидеш дома. Меѓутоа, ако сакаш да разговараш со мене за тоа, јас со радост ќе ти помогнам како можеш уште денес да станеш Божјо дете. Откако ќе си отидат другите, дојди во првиот ред. Јас ќе седнам до тебе и ќе ти објаснам повеќе за тоа како можеш да станеш вистински христијанин."

Исто така треба на сличен начин да им се ставиш на располагање за помош и на децата христијани кои би имале некое прашање или проблем во нивниот христијански живот. Помагај им според Божјото Слово и моли се заедно со нив.

На крајот на овој прирачник има едно резиме кое ќе ти помогне како да го советуваш детето кое сака да дојде при Христос.

## Централната вистина во секоја од лекциите

Во секоја лекција се изнесува "Централна вистина". Ти, како учител, треба постојано да го имаш тоа на ум како што ќе ја предаваш лекцијата; немој да се задоволиш само со кажување на библиски случки! Во општиот преглед на секоја лекција ќе ја најдеш наведена "централната вистина" (притоа можеби Светиот Дух ќе те води да изнесеш и некои други главни учења од библиските пасуси). Во општите прегледи на лекциите се употребуваат следниве скратеници:

ЦВН - ова значи, Централната Вистина применета за Неспасените деца.
ЦВС - ова значи, Централната Вистина применета за Спасените деца.

# Прва лекција

## ЈОШУА СТАНУВА БОЖЈИ ВОДАЧ

**Библиски текст за учителот:**
Броеви 27:15-23;
Второзаконие 31:7, 34:9;
Јошуа 1:1-18

**Централна вистина:** Бог им дава сила на Своите деца

**Примена:**

**За неспасените:** Не дозволувај, стравот дека не би можел да живееш христијански живот, да те спречи да поверуваш во Христос.

**За спасените:** Охрабри се бидејќи Бог е со тебе и во тебе.

**Вовед:** "Учителката Кате ќе си оди ..."

**Развој на настаните:**
Мојсеј бара од Бог наследник
Бог вели дека тоа е Јошуа. ЦВН
Мојсеј го доведува Јошуа пред народот
Мојсеј му вели на Јошуа: "Биди храбар". ЦВС
Мојсеј умира
Бог му зборува на Јошуа: "Биди храбар". ЦВС
Јошуа им вели на управителите да се подготват
Јошуа му зборува на дел од народот
Народот го охрабрува: "Биди храбар". ЦВС

**Стих за учење напамет:** "Биди силен и биди храбар; не плаши се ... зашто Господ, твојот Бог е заедно со тебе каде и да одиш." Јошуа 1:9

**Визуелни помагала:** Хартиена лента со името "Јошуа" на неа.
Централната вистина напишана на хамер или на картон изрежан во облик на штит и учителот ја покажува секојпат кога поучува некој аспект од неа. Користи и визуелен приказ на стихот за напамет секогаш кога тој се цитира во лекцијата.

"Знаеш што? - Учителката Кате ќе си оди", ѝ кажа Надица на мајка си натажено.

"О, не! Ќе ти недостасува, таа е толку добра учителка", одговори мајка ѝ .

"А и многу е фина исто така - никој од нас не сака таа да си оди" продолжи Надица.

"Се прашувам кој ќе ја замени" рече мајка ѝ .

"Не знам, но кој и да е, сигурно нема да го сакаме. Никој не би можел да ја замени учителката Кате", размислуваше Надица.

Можеби многумина од Израелците, Божјиот народ, се чувствувале токму како Надица и нејзините другарчиња од одделението. Мојсеј бил нивниот водач отсекогаш; но сега тие дознале дека тој нема да ги води повеќе. Можеби некои од луѓето си велеле меѓу себе:

"Но тој е оној кој нѐ изведе од Египет, не можеме без него."

"Татко ми често зборуваше за чудата кои Мојсеј ги направи преку Божјата сила."

"Никој не го познава Бог така како Мојсеј."

"Кој ли би можел да го замени?"

### Сцена 1а и 1б

ЈОШУА НАЗНАЧЕН НА МЕСТОТО НА МОЈСЕЈ

*(Броеви 27:15-23; Второзаконие 31:7,8; 34:9)*
*Заднина: Пустинска дивина со дел од шаторот на светилиштето и со планини во заднината* (Шаторот на светилиштето прикажан на последната страна.) *Слики 1-4.*

Би било тешко за кого било да го наследи Мојсеј и да продолжи да го води Божјиот народ. Кој би бил избран? Мојсеј на многу мудар начин го замолил Бог за тоа: *(Стави ја сликата 1)* "Те молам назначи човек кој ќе го води народот", се молел тој.

Господ му одговорил на Мојсеј: "Земи го Јошуа (*стави ја лентата со зборот* ЈОШУА) и направи го водач над сиот народ. Изведи го пред свештеникот Елеазар и пред сиот народ. Пред сите нив треба да објавиш дека Јошуа ќе биде нивниот нов водач."

Можел ли Јошуа да води два милиони луѓе? Сите тие луѓе имале потреба од храна и вода. Им требале места за кампирање. Војниците пак, требале да бидат спремни да водат битки, бидејќи имало многу непријатели во земјата која Бог им ја беше ветил. Да не бил Јошуа некој супермен? Не, воопшто не. Но Бог го избрал за оваа важна работа и Бог ќе му помагал токму како што му помагал и на Мојсеј. Бог никогаш не бара од некого да направи нешто без притоа да му помогне да го стори тоа. Кога ќе поверуваш во Господ Исус како во свој Спасител и станеш Божјо чедо, Бог очекува од тебе да живееш според Неговата волја. Но Тој ти ја дава сета помош која ти е потребна за да го правиш тоа. Бог - Светиот Дух доаѓа да живее во тебе и Тој ти помага да бидеш праведен и добар. Тој ти помага да се молиш. Тој ти помага да им кажуваш на другите дека си христијанин.

Можеби денес овде има некој кој навистина сака да биде христијанин, Божјо чедо. Но има една работа која те спречува да поверуваш во Господ Исус Христос - се плашиш дека не би можел да живееш христијански живот. Те молам запомни дека Бог ќе ти даде сила да живееш за Него. Се разбира дека е невозможно да живееш христијански живот сѐ додека не станеш вистински христијанин поверувајќи во Исус Христос како во свој Спасител. Но кога ќе го сториш тоа, Светиот Дух ќе заживее во тебе и Тој ќе ти помогне да живееш за Бог. Од Библијата можеме да прочитаме дека Светиот Дух живеел и во Јошуа исто така. *(отстрани ја сликата 1)*

Мојсеј побрзал да го стори тоа што му го рекол Бог. Тој добро го познавал Јошуа. Долги години Јошуа бил верен Мојсеев помошник. Мојсеј испратил порака низ целиот логор да се собере народот. Свештеникот Елеазар застанал напред. *(стави ја сликата 2)* Мојсеј го довел Јошуа напред *(стави ги сликите 3 и 4)* и ги положил рацете врз неговата глава. Тогаш му рекол на народот: "Овој е вашиот нов водач, и него мора да го слушате."

Како ли се чувствувал Јошуа гледајќи во огромната толпа народ? Наскоро сите тие требало да ја преминат реката Јордан. Немало ни мостови ни чамци. Непријателите во новата земја биле зли и сурови. Сигурно Јошуа се чувствувал мал, многу мал. Но Мојсеј му велел: "Јошуа, биди силен и многу храбар кога ќе го водиш народот во земјата. Самиот Господ ќе оди пред тебе и ќе биде со тебе. Тој никогаш нема да те напушти. Не плаши се. Не обесхрабрувај се."

Се разбира, задачата била тешка за Јошуа, но не и за Бог. Бог ќе му помогнел да биде силен и смел. Јошуа немало никогаш да биде сам, туку Бог секогаш ќе бил со него. Сигурноста дека Бог никогаш не ќе го напушти му помогнала на Јошуа да биде силен. Христијанско момче или девојче, Бог ти ветува: "Никогаш нема да те напуштам, ниту ќе те заборавам" (Евреите 13:5). Зарем ова не ти помага да бидеш силен и смел?

Можеби точно знаеш како се чувствувал Јошуа. Си поверувал во Исус Христос, тој го отстранил сиот твој грев и знаеш дека си Божјо чедо. Меѓутоа, многу ти е ТЕШКО да ги вршиш работите кои се според Господовата волја. На училиште секој припаѓа на некоја банда, а бандите често значат и гадни работи; тие се смеат на шеги за кои знаеш дека се нечисти или лоши; тие му се непослушни на учителот. Толку е тешко да не се прават овие работи. Се чини невозможно да бидеш доволно смел за да дозволиш некој да дознае дека си христијанин. Бог сака и тебе да ти каже, исто како што му кажал и на Јошуа: "Биди силен и биди храбар; не плаши се ... зашто Господ, твојот Бог, е заедно со тебе каде и да одиш." (Јошуа 1:9) Бог е со тебе во училницата. Тој ќе ти помогне да бидеш послушен - дури и кога сите други се непослушни. Побарај ја Неговата помош и прави го она што е добро. Самиот ќе откриеш дека Бог им дава сила на Своите чеда. И Јошуа требаше да го открие ова исто така.

## Сцена 2

## ЈОШУА ОВЛАСТЕН ОД ГОСПОД
(Јошуа 1:1-9)

*Заднината иста како во сцената 1. Слика 3.*

Меѓу Израелците завладеала голема тага. Мојсеј се искачил на планината и не се вратил повеќе. Тој починал таму.

*(Стави ја сликата 3)* И Јошуа веројатно бил тажен и осамен; никогаш веќе не ќе може да побара совет од Мојсеј.

Бог, кој е добар и полн со љубов, му рекол на Јошуа: "Мојот слуга Мојсеј е мртов. Сега ти и сите овие луѓе мора да се подготвите да ја преминете реката Јордан во земјата која ќе ви ја дадам. Ќе ви го дадам секое парче од земјата на која ќе стапнете. Како што бев со Мојсеј, така ќе бидам и со тебе. Нема никогаш да те напуштам. Биди цврст и храбар." Прекрасно било да се чујат овие зборови од самиот Бог. Да, Бог им дава сила на Своите чеда - со тоа што е со нив и во нив. Тоа не значи дека тие ќе имаат силни мускули или дека ќе бидат најдобрите тркачи во класот! Тоа значи дека Божјите чеда можат да живеат за Него дури и кога е тешко. Тешко време наближувало и за Јошуа, а Бог имал уште нешто да му каже: "Јошуа, внимавај да Ми бидеш послушен. Читај ја книгата на законот, размислувај за неа дење и ноќе и исполнувај ја." Книгата на законот се првите пет книги од Библијата (Битие, Излез, Левит, Броеви, Второзаконие). Можете ли да ми кажете кои беа тие? Бог преку Мојсеј ги напишал овие книги, а сега Тој му вели на Јошуа да ги чита и исполнува. Тие требало да му помогнат да биде силен.

Ако си Божјо чедо, одвојувај секој ден време за да прочиташ нешто од Библијата. Обиди се да го запомниш она што го читаш и кога Бог ти вели да сториш нешто, замоли Го да ти помогне да Го послушаш. Бог ќе го искористи тоа да те направи силен христијанин. И Јошуа исто така морал да го чита, помни и да го применува делот од Библијата којшто го имал. Тој морал и да внимава книгата на законот да се стави на безбедно место додека народот се подготвувал за највозбудливиот дел од неговото патување.

## Сцена 3

## ЈОШУА ГО ПРЕЗЕМА КОМАНДУВАЊЕТО (Јошуа 1:10-18)

*Заднина: иста како во претходните сцени. Слики: 6, 7, 8.*

*(Стави ја сликата 6)* Сигурно Јошуа бил возбу-

ден. По долго време, тие конечно оделе во Хананската земја. Четириесет години порано тој бил таму како извидник, па се сеќавал дека тоа било едно добро и прекрасно место. Наскоро требало да се населат таму.

*(Стави ги сликите 7 и 8)* Тој ги повикал народните управители и им дал наредба: "Одете меѓу народот и кажете му: ’Пригответе си храна за пат. По три дена ќе ја преминете реката Јордан и ќе ја преземете земјата која Бог ви ја дава’."

Веста бргу се раширила и наскоро сите почнале да се подготвуваат. Јошуа морал да им даде посебни упатства на дел од луѓето. Тие го слушале исто толку внимателно како што го слушале и Мојсеј. И ветиле дека ќе послушаат. Потоа, тие го охрабриле својот нов водач. Погодете што му рекле? "Биди силен и храбар!" Овие беа истите зборови кои Мојсеј и Бог веќе му ги кажале. Сега тој ги слушал по третпат. Значи Бог, на истиот начин ги употребил и овие луѓе да му помогнат на Јошуа да биде силен.

Честопати Бог употребува други христијани кои ќе им помогнат на Неговите чеда да бидат силни.

Така беше и со Александра. Таа стана христијанка, но мајка ѝ ѝ забрани да посетува Неделно училиште како и да оди на клубот на Добрата Вест. Меѓутоа, ѝ дозволуваше да оди на гости кај семејството Филиповски, а тие беа христијани. Кога Александра имаше прашање или проблем, таа ѝ го кажуваше на тетка Филиповска. Тетка Филиповска често пати ќе ѝ помогнеше да го најде одговорот во Библијата, а потоа заедно се молеа. Овие посети на семејството Филиповски навистина ѝ помогнаа на Александра да стане силна христијанка. Ако си христијанин и имаш нешто за кое сакаш да разговараш и да се молиш, дојди кај мене откако другите ќе си отидат. Јас со радост ќе те ислушам и ќе ти помогнам да ги најдеш одговорите во Божјото Слово. Бог навистина користи други христијани да ни помогнат, токму како што искористи некои од луѓето да го охрабрат Јошуа.

На Јошуа му требало охрабрување додека размислувал за авантурите кои допрва требало да се случат ... да се помине река, да се освојат градови и планини. Но Јошуа знаел дека Бог е со него и дека Тој нема да го изневери. Момче и девојче христијани, и вие можете да бидете сигурни во тоа. Предајте Му се на Бог да ве направи силни и запомнете ги овие прекрасни зборови: "Биди силен и биди храбар; не плаши се ... зашто Господ, твојот Бог е заедно со тебе каде и да одиш." (Јошуа 1:9)

## ПРАШАЊА ЗА ПОВТОРУВАЊЕ

1. Кој бил избран од Бог да го заземе местото на Мојсеј?
О. Јошуа.

2. Каде требало Јошуа да го води народот?
О. Во Хананската земја.

3. Како можел Јошуа да биде силен и храбар?
О. Бог бил со него.

4. Како им дава Бог сила на Своите чеда?
О. Со тоа што е со нив и, преку Светиот Дух, во нив.

5. Од кого ги слушнал Јошуа зборовите: "Биди силен"?
О. Од Мојсеј, од Бог и од некои од луѓето.

6. Бог му рекол на Јошуа дека мора да прави нешто за да биде силен. Што е тоа?
О. Да ја чита и извршува книгата на законот.

7. Како можеш да станеш Божјо чедо?
О. Ако поверуваш во Христос како Спасител.

8. Како се викала реката која Израелците требало да ја преминат?
О. Јордан.

9. Каде бил Мојсеј кога починал?
О. На една планина.

10. Доврши го стихот: "Биди силен и биди храбар; не плаши се ... "
О. "зашто Господ, твојот Бог е заедно со тебе каде и да одиш." Јошуа 1:9.



Лекција 1
Сцена 1а



Сцена 1б



Сцена 2



Сцена 3

## Втора лекција

# ЦРВЕНОТО ЈАЖЕ НА ПРОЗОРЕЦОТ

**Библиски текст за учителот:** Јошуа 2:1-24

| | |
|---|---|
| **Централна вистина:** | Бог ги заштитува Своите чеда. |
| **Примена:** | |
| **За неспасени:** | Верувај во Христос и ќе бидеш заштитен. |
| **За спасени:** | Не плаши се. |
| **Вовед:** | Што е извидувач? |
| **Развој на настаните:** | Јошуа испраќа извидувачи во Хананската земја. ЦВС<br>Извидувачите доаѓаат во Јерихон<br>Извидувачите престојуваат кај Раав<br>Царските гласници доаѓаат во домот на Раав. ЦВС<br>Раав ги крие извидувачите<br>Раав ги лаже гласниците<br>Раав бара заштита |
| **Кулминација:** | Извидувачите побегнуваат спуштајќи се по црвено јаже ЦВС |
| **Заклучок:** | Тие се враќаат при Јошуа ЦВСН |
| **Стих за учење напамет:** | "Затоа сега нема осуда за оние кои се во Христос Исус." Римјаните 8:1 |
| **Визуелни помагала:** | Хартиена лента со зборот "извидувач" напишан на неа. Централната вистина напишана на хамер или картон изрежан во облик на штит и учителот ја покажува секој пат кога поучува некој аспект од неа. |

(Учителе, стави го зборот "извидувач" на таблата.)

Која од следниве работи објаснува што значи извидувач:

(а) Мува со многу добар вид.
(б) Некој кој носи специјални очила за да може да гледа на големи далечини.
(в) Некој кој тајно открива работи за друга земја.
(г) Гноен чир близу до окото.

Се разбира дека точниот одговор е под (в). Можеби си прочитал некоја книга за извидувачи (шпиуни), или пак си гледал некој таков филм на телевизија.

## Сцена 1

ДВАЈЦАТА ИЗВИДУВАЧИ ПРАТЕНИ ВО ИЗВИДУВАЊЕ

*Заднина: пустинска дивина со планини во далечината.*
*Слики: Јошуа (6), двајца извидувачи (9, 10)*

Денес ќе се запознаеме со двајцата извидувачи кои биле избрани од Јошуа *(Стави ги сликите 6, 9, 10).* Тој им доделил една возбудлива и опасна задача. "Отидете и разгледајте ја Хананската земја," им рекол тој, "а особено градот Јерихон".

Јерихон бил еден голем град од другата страна на реката Јордан. Тој бил првиот град во кој Израелците требало да влезат навлегувајќи во земјата која Бог им ја подарувал. Затоа било многу важно да го освојат Јерихон.

Двајцата извидувачи тивко го напуштиле израелскиот логор и се насочиле кон реката Јордан. Библијата не ни кажува како ја преминале реката - веројатно ја прегазиле водата низ плиткото, ноќно време. И така стапнале на Ветената земја. Било возбудливо ... и многу страшно. Во таа земја имало многу, многу луѓе кои со радост би ги фатиле и убиле. Затоа тие морале многу внимателно да се движат наоколу. Можеле ли да го дознаат сето она кое му било потребно на Јошуа? Дали некогаш тие ќе можат да излезат од оваа непозната земја полна со опасности?

Никакво зло не можело да им се случи и никој непријател не можел да ги допре, освен ако Бог не го дозволил тоа, затоа што овие извидувачи му припаѓале на Божјиот народ. Бог го заштитува Својот народ. И денес е сосема исто за секоја личност која е Божјо чедо. Слушнете ги овие прекрасни зборови од Библијата: "... а кој се надева на Господа, тој наоѓа закрила" (Поговорки 29:25). Ако знаеш дека Исус Христос го одзел твојот грев, ти му припаѓаш на Бог и Тој се грижи за тебе. Тој те заштитува. Имаш ли таен страв? - другите мислат дека е бесмислен, но за тебе е стварен. Многупати во Библијата Бог му вели на Својот народ: "Не плаши се". Божјото слово ветува дека оние кои веруваат во Господ се заштитени. Бог ги заштитува Своите чеда во секоја минута од секој ден и секоја ноќ. Ова не значи дека христијанинот никогаш нема да скрши нога, нема да се разболи, или нема да биде натепан. Ова значи дека никоја од овие работи не може да му се случи на христијанинот, освен кога Бог ќе дозволи. Бог е полн со љубов и семоќен Небесен Татко кој ги надгледува Своите чеда и ги чува безбедни.

Тој се грижел и за овие двајца извидувачи. Колку ли само им бил потребен во таа туѓа земја.

## Сцена 2

РААВ ГИ КРИЕ ИЗВИДУВАЧИТЕ (2:2-7)

*Заднина: Покрив од куќа со стебленца од лен. Слики: Две слики на извидувачи (12, 13) делумно затскриени под ленот (11), Раав (14). Исечи ја точкестата линија на сликата со ленот и вметни ја сликата (13).*

Кога извидувачите пристигнале во Јерихон, тие нашле еден голем, висок и широк ѕид околу градот. Ѕидот бил толку широк што некои луѓе живееле во куќи изградени на ѕидот. Големите железни порти биле затворани секоја ноќ за да не можат да влезат непријатели. Но, на некој начин - Библијата не ни кажува како - овие двајца извидувачи успеале да влезат во градот. Никој, ама баш никој не смеел да знае кои биле тие и зошто биле дојдени. Тие го дознале сето она што им било потребно. Откриле дека градските порти навечер биле затворени. Па така, Бог ги водел каде да ја преспијат ноќта.

Тајно (или барем така мислеле), двајцата извидувачи влегле во една од куќите на врвот на ѕидот. Жената која живеела таму се викала Раав *(Стави ја сликата 14)*. Таа имала слушнато за Израелците и за нивниот Бог. Иако било опасно за неа, таа сепак се согласила да им дозволи на мажите да останат кај неа таа ноќ.

Ниту Раав, ниту извидувачите не знаеле дека некој ги видел двајцава мажи и се посомневал. Итно стигнал глас до Јерихонскиот цар: "Ете, некои од Израелците се во градот - тие ја извидуваат земјава." Царот наредил веднаш да бидат пронајдени. Набргу им била пронајдена трагата во куќата на Раав. Не поминало долго време а царските гласници веќе биле на нејзината врата. "Изведи ги луѓето кои дојдоа овде", извикале тие. "Тие се извидувачи!"

Веднаш Раав побрзала да им одговори на царските гласници: "Вистина, овие луѓе дојдоа кај мене, но јас не знаев кои се тие. Кога, пак, на стемнување требаше да се затворат портите, тие си отидоа, и јас не знам каде тргнаа. Побрзајте по нив, зашто уште можете да ги стигнете."

Раав излажала - таа го сторила тоа за да ги заштити извидувачите. Но на Бог не Му била потребна таа лага за да ги заштити тие луѓе. Дури и ако куќата била пребарана, Бог можел да ги заштити. Никогаш не е добро да се лаже. Знаеме дека, сепак често пати го правиме тоа. Непослушни сме на Бог во оваа, и во други работи, и заслужуваме Бог да нѐ казни за нашите гревови. Но Раав била паганка која не го познавала Божјиот закон.

Царските гласници поитале да ги фатат извидувачите - кои сѐ уште се криеле под ленот на покривот. Тие биле безбедни. Господ ги заштитувал во градот во кој биле опкружени од непријатели. Ако си Божјо чедо, и ти имаш моќен непријател. Сатаната е твојот непријател. Тој сака да те спречи да Го љубиш Господ Исус и да Му бидеш послушен. Тој настојува да натера некои од твоите другарчиња од одделението да ти се смеат затоа што си христијанин. Тој се обидува да те наведе да немаш желба да се молиш или да одиш на клубот на Добрата вест. Сатаната сака да те оддалечи од Бог засекогаш. Би можел ли да го стори тоа? Слушнете што Господ Исус рекол за оние кои се Божји деца: "Мојот Татко, Кој ми ги даде, поголем е од сите, и никој не може да ги отме од раката на Мојот Татко" (Јован 10:29). Ако си навистина Божјо дете, никогаш нема да бидеш грабнат од Твојот Небесен Татко. Тој ги заштитува Своите деца од непријателот, токму како што ги заштитил и двајцата извидувачи.

## Сцена 3

ИЗВИДУВАЧИТЕ И ДАВААТ ВЕТУВАЊЕ НА РААВ (2:8-14)

*Позадина: Иста како во сцената 2. Слики: двајца извидувачи како стојат: 9, 10 Раав 14. (Ставете ги сликите 9, 10, 14)*

Кога гласниците доволно се оддалечиле, Раав се качила на покривот за да разговара со извидувачите. "Знам дека Господ ви ја даде вам оваа земја. Сите се преплашени од вас и вашиот народ. Чувме како вашиот Бог ви направил пат низ Црвеното море. Чувме како вашиот Бог ви помогнал да ги победите непријателите. Никој нема храброст да ви се спротистави, зашто Господ, вашиот Бог, е Бог на небото и на земјата."

Раав продолжила да зборува, замолувајќи ги за една голема услуга: "Јас ви покажав милост," рекла таа. "Ве молам, и вие бидете милостиви кон мене и кон моето семејство кога ќе го заземете градот."

Извидувачите се согласиле: "Ќе направиме така како што побара. Кога Господ ќе нѝ го даде овој град, ние ќе ти покажеме милост и верност."

## Сцена 4

ИЗВИДУВАЧИТЕ СПУШТЕНИ ПО ЦРВЕНО ЈАЖЕ (2:15-22)

*Позадина: куќа врз градскиот ѕид; прозорец на куќата.*
*Слики: Раав (15) (засечи по точкастата линија и вметни црвен конец; прицврсти го конецот одзади); извидувачи (16) (17).*

Извидувачите требале да излезат од Јерихон и да се вратат при Јошуа. Но било многу опасно да одат по улиците на градот. Тогаш Раав се досетила. Земала едно црвено јаже и цврсто го врзала за една греда од куќата, а другиот крај го спуштила низ прозорецот *(Стави ги сликите 15, 16 и 17)*. "Мора да слезете, да отидете во планините и да се криете таму три дена, за да не ве најдат луѓето кои ве бараат."

Двајцата мажи се протнале низ прозорецот и почнале да се спуштаат надолу по црвеното јаже, се додека не стапнале на земјата, од надворешната

страна на градскиот ѕид. Какво чудесно спасување. Бог се грижел за нив преку целото време. Тоа црвено јаже нѐ потсетува на тоа, како Бог ги заштитува Своите деца од најголемата до сите опасности - опасноста да бидеш засекогаш казнет заради гревот. Сите ние ја заслужуваме таа казна. Но Бог Го испратил Својот единствен Син, Господ Исус Христос на светот. Тој не заслужил никаква казна, затоа што живеел совршен живот. Сепак Тој умрел на крст, и така, Бог го казнил заради нашите гревови. Како што умирал, Неговата скапоцена крв се леела, за да може гревот, да биде отстранет. Тоа бил единствениот начин да бидеме спасени од вечна казна. Кога поверуваш во Исус Христос како свој Спасител, ти си спасен - заштитен. Нема никогаш да бидеш испратен во пеколот, само заради твојот Спасител, кој ја дал Својата скапоцена крв за тебе. Библијата вели: "Кој верува во Него, нема да биде суден ..." (Јован 3:18). Спасувањето од казната која ја заслужуваме е многу почудесно спасување од она на двајцата извидувачи по црвеното јаже.

Штом стапнале на земјата, извидувачите повикале кон Раав: "Еве вака; кога ќе се вратиме за да го освоиме градот, обеси го истово јаже на овој прозорец. Така ќе го препознаеме твојот дом, и сите што се во него ќе бидат заштитени. Ние ќе се погрижиме да стане така."

Тие побрзале во ноќта и отишле во планината, каде три дена се криеле во пештери.

## Сцена 4

ИЗВИДУВАЧИТЕ ГО ИЗВЕСТУВААТ ЈОШУА (2:23-24)

*Позадина: иста како во сцената 1.*
*Слики: истите како во сцената 1.*

Двајцата извидувачи безбедно стигнале до реката Јордан. Повторно, ја прегазиле водата низ плиткото и преминале од другата страна. Веднаш поитале кон израелскиот логор за да го известат Јошуа за нивните возбудливи доживувања. *(стави ги сликите 6, 9 и 10)* "Господ навистина нѝ ја даде таа земја," му кажале тие. "Сите луѓе во неа се преплашени од нас." Извидувачите биле сигурни дека можат да Му веруваат на Бог. Зарем Тој не ги заштитил во секој момент од нивната авантура? Ако знаеш дека си Божјо дете, тогаш можеш да бидеш сигурен дека Бог и тебе ќе те заштити исто така. Тој те штити од опасности, од Сатаната и од казната заради твојот грев. Прекрасно е да се биде Негово дете.

Има ли денес некој тука кој знае дека не е заштитен од Божјата казна за гревот? Знаеш дека ја заслужуваш таа казна, но со сето срце сакаш да бидеш заштитен. Ако ти е жал заради твоите гревови, и знаеш дека Исус Христос умрел и ја пролеал Својата скапоцена крв за да ги отстрани твоите гревови, тогаш зошто сега не поверуваш во Него. Можеш тивко да разговараш со Него и да Му кажеш: "Господе Исусе, жалам за моите гревови. Јас верувам во Тебе и верувам дека ќе ги отстраниш моите гревови. Ти благодарам што умре и ја даде Својата скапоцена крв заради мене." Штом поверуваш во Исус Христос, ти стануваш Божјо дете. Бог ќе те заштитува. Тој ветува: "Кој верува во Него, нема да биде суден ..." (Јован 3:18).

Дали Раав ќе биде заштитена? Морала да верува во она што ѝ го рекле извидувачите. Можеби црвеното јаже постојано ѝ висело низ прозорецот. Но сигурно таа го чувала подготвено, бидејќи нејзината безбедност зависела од ставањето на тоа црвено јаже на прозорецот. Ќе мора да дојдеш следниот пат, за да дознаеш што се случило кога Израелците дошле во Јерихон.

## ПРАШАЊА ЗА ПОВТОРУВАЊЕ

1. Зошто Јошуа ги испратил двајцата извидувачи?
О. Да дознаат каква била земјата.

2. Што дознале тие за Јерихон?
О. Високи, дебели ѕидови, големи градски порти кои биле затворани навечер.

3. Како можеле двајцата мажи да бидат безбедни за сето време додека биле далеку од израелскиот логор?
О. Бог ги заштитувал.

4. Кого Бог го заштитува?
О. Своите деца.

5. Кој е Божјиот непријател, кој сака да ги спречи христијаните да Го љубат Бог и да Му бидат послушни?
О. Сатаната.

6. На кое место, во Јерихон, престојувале извидувачите?
О. Во куќата на Раав.

7. Каде ги сокрила Раав, кога дошле царските гласници?
О. На покривот, под ленот.

8. Кога гласниците дошле, Раав направила нешто лошо. Што било тоа?
О. Таа излажала.

9. На кој начин извидувачите избегале од Јерихон?
О. Се спуштиле по едно црвено јаже обесено на прозорецот од куќата на Раав.

10. На што нѐ потсеќа црвеното јаже?
О. На крвта на Господ Исус, кога умрел за да нѐ спаси од гревот и од казната за гревот.



Лекција 2, Сцена 1



Лекција 2, Сцена 2



Лекција 2, Сцена 3



Лекција 2, Сцена 4



Лекција 2, Сцена 5

# Трета лекција

## ПАДОТ НА ЈЕРИХОН

**Библиски текст за учителот:** Јошуа 5:13 - 6:27

**Централна вистина:** Бог им дава победа на Своите деца.

**Примена за спасените:** Верувај во Него за да ти даде победа над гревот.

**Вовед:** Преминувањето на реката Јордан.

**Развој на настаните:**
Јошуа и народот го гледаат Јерихон
Господ му се јавува на Јошуа. ЦВС
Господ му дава упатства. ЦВС
Јошуа и народот маршираат околу Јерихон
На седмиот ден - седумпати маршираат околу градот
Силни извикувања

**Кулминација:**
Јерихонските ѕидови паѓаат ЦВС
Израелците го освојуваат градот.
Раав и семејството заштитени ЦВС

**Заклучок:** Јерихон уништен.

**Стих за учење напамет:** Ако ја предаваш целата серија од лекции за Јошуа, типредложуваме повторување на претходните стихови. Ако пак ја предаваш како поединечна лекција, го предложуваме Евреите 2:18.

### Прибелешки за визуелните помагала:

Прилепи ги заедно сликите 18а и 18б. Направи ги истото за 19а и 19б.

При поставувањето на позадината стави ја сл. 18 над 19. За време на третата сцена отстрани ја сликата 18.

Подготви хамер или картон изрежан во облик на штит на кој ќе биде испишана централната вистина и користи го како визуелно помагало секогаш кога ќе ја поучуваш вистината.

### Кратка порака за неспасените деца:

Оваа лекција не вклучува примена за неспасеното дете, затоа би можел да го додадеш следново во програмата:

Покажи им на децата роденденска картичка и поразговарајте кога се добива една ваква картичка. Што е роденден? Тоа е денот кога си се родил во твоето семејство. Толку е убаво да припаѓаш на некое семејство, но уште поубаво е да припаѓаш на Божјото семејство.

Како некое момче или девојче станува Божјо дете? *(дозволи децата да даваат идеи)*

- кога ќе се роди
- кога за првпат ќе отиде во црква
- кога оди на неделно училиште

Никој од овие не е точниот одговор. Каде можеме да го пронајдеме точниот одговор? Во Библијата. Се наоѓа во Јован 1:12. *(прочитај на глас)*. Сите кои Го примаат Господ Исус, стануваат Божји деца. Ако навистина сакаш да бидеш во Божјото семејство, можеш да Го примиш Господ Исус денес. Кажи Му на Господ Исус дека сакаш Тој да дојде во твојот живот и да ги отстрани сите твои гревови. Ете така ќе Го примиш. Ако го сториш тоа, ќе знаеш дека си роден во Божјото семејство и дека си Божјо дете. Можеби имаш прашања во врска со ова. Сакаш да бидеш Божјо дете, но не знаеш како тоа може да се случи. После часот те молам дојди да разговараме. Со радост ќе ти објаснам повеќе за тоа од Библијата. Можеш слободно да разговараш со мене (учителе, назначи место за разговор).

## Вовед

"Сите тие многу добро ја знаеле таа возбудлива случка кога Бог направил Неговиот народ да го премине Црвеното море по суво. Таа била една од случките од типот "Многу, многу одамна ..." која им била омилена. Но ете сега им се случувала и ним. Тие ја преминувале реката Јордан, а никој не се наводенувал. Далеку по горниот тек на реката, водата запрела и се издигнала како карпа нагоре. Дури кога безбедно преминале на другата страна, реката продолжила пак да си тече.

Сигурно луѓето го прославиле Бог за ова големо чудо. Трепереле од восхит кога за првпат стапнале на Ветената земја.

## Сцена 1

НЕВИДЛИВИОТ ВОДАЧ СЕ ПОЈАВУВА (5:13 - 15)

*Позадина: надвор од Јерихон, при што Јерихон се гледа во далечината.*
*Слики: ѕидовите на Јерихон 18, 18а, 19, 19а; Јошуа (21а), невидливиот водач (20), Јошуа ничкум се поклонува(21).*

Но пред нив биле битките кои требале да се водат, и градовите кои требале да се освјуваат. *(Стави ги сликите 18, 18а, 19, 19а)* Таму, веднаш пред нив, се испречувале високите, дебели ѕидови на Јерихон. Тој бил првиот град кој морале да го заземат. Но како да го направат тоа? Жителите на Јерихон ги затвориле портите за никој да не може да влезе ниту да излезе.

Како што Јошуа размислувал за Јерихон, веројатно се присетувал на Божјите ветувања - ветувања дека Тој ќе им ја даде земјата, ветувања за победа над секој непријател. Бог никогаш не го погазува Своето ветување, па затоа Израелците можеле да бидат сигурни во победата.

Оние од нас кои Го љубат Исус Христос и Му припаѓаат Нему, мораат исто така да водат битки. Се разбира дека ние не се бориме за да освојуваме градови, но има лоши работи и искушенија во нашите животи против кои мораме да се бориме и да ги победуваме. Дали си христијанин кој има проблем со лошиот табиет? Врескаш, викаш и тропаш со нозете - а потоа се срамиш до сето тоа. Можеби твојот проблем е мрзеливоста, или лошите зборови, или пак горделивото фалење. Овие се работи кои мораме да ги надвладееме. Мораме да победиме во битката против нив. Ајде да ги слушнеме некои од ветувањата кои Бог нѝ ги дава. *(Замоли некое од децата да прочита од Римјаните 6:14).* Ова значи дека гревот не е веќе твој господар, па затоа не мора да му се покоруваш. *(Замоли некое од децата да прочита од Евреите 2:18).* Ова нѝ кажува дека Господ Исус знае што значи да бидеш искушуван да направиш зло, и Тој може да ти помогне кога си искушуван. *(Замоли некое од децата да прочита од 1 Коринќаните 13:10).* Овие зборови нѐ уверуваат дека ти никогаш нема да имаш толку големо искушение, што ќе мора да му се предадеш. Ете гледате, Бог дека ќе им даде победа на Своите деца, токму како што им ветил и на Израелците.

Одеднаш Јошуа сфатил дека не е сам *(стави ја сликата 20).* Погледнал нагоре, а таму, веднаш покрај него, стоел човек со меч во раката. Јошуа не знаел кој е тој, па го запрашал: "Дали си ти со нас, или си со нашите непријатели?" Човекот одговорил: "Не, јас сум водачот на Господовата војска, и тукушто дојдов."

Тогаш Јошуа го препознал дека тоа бил самиот Господ кој се појавил за да го охрабри. "Што му заповедаш Господару на својот слуга?" прашал Јошуа.

Господ одговорил: "Собуј ги сандалите од нозете свои, бидејќи местото на кое стоиш, е свето." Јошуа бргу ги одврзал и ги собул сандалите. *(замени ја сликата 21а со сликата 21)* Веројатно потоа, тој длабоко се поклонил пред Господа.

Зарем не било многу љубезно од Бог, што јасно му покажал на Јошуа дека Тој е со него и со Израелците. Ете затоа тие можеле да го освојат силниот град Јерихон. Нивниот Бог, Семоќниот, Светиот, бил со нив. Можела ли некоја војска, или некој цар да бидат посилни од Него? НЕ! Момчиња и девојчиња христијани, дали водите битка? Дали се обидувате да ги победите себичноста, лошиот табиет, мрзеливоста, лошите зборови? Запомнете дека не сте сами. Бог е со вас. Всушност, тој живее во вас преку Светиот Дух. Тој е далеку поголем и многу помоќен од било која од тие работи против кои се бориш. Затоа, ти можеш

да победиш, исто како што Јошуа бил сигурен во победата.

Господ му дал многу чудни упатства на Јошуа за тоа како тој, заедно со народот, да го освојат Јерихон. Тие упатства биле толку чудни, што мора да им изгледале глупави на луѓето од градот и надвор од градот. Меѓутоа Јошуа знаел дека ако сакаат да победат, тие морале да го направат точно тоа што Господ им го кажал.

## Сцена 2

ИЗРАЕЛСКИОТ НАРОД МАРШИРА ОКОЛУ ЈЕРИХОН (6:8-15)

*Позадина: Градски ѕидови на очиглед.*
*Слики: вооружени мажи (23), свештеници со ковчег (22), луѓе кои маршираат (24), Јошуа дава заповеди (5).*

Јошуа го собрал народот и му објаснил што да прави. "Треба да има вооружени војници на чело на поворката. Потоа седум свештеници ќе одат пред Гсподовиот ковчег на заветот. Тие ќе трубат со труби. Зад ковчегот пак, ќе маршираат останатите мажи еден позади друг. Напред!"

Вооружените војници почнале да маршираат следени од седумте свештеници, па ковчегот на заветот, па останатите мажи. Свештениците трубеле со трубите, а сите други молчеле и не испуштале ни глас. Така тие обиколиле еднаш околу градот Јерихон, а потоа се вратиле во Израелскиот логор. Следниот ден, го направиле сосема истото, па потоа следниот ден, па следниот ден, па следниот ден и следниот ден. Шест дена го повторувале истото. Можеби некои луѓе се пожалиле: "Вака никогаш нема да го освоиме градот". Граѓаните на Јерихон мора да биле многу збунети од ова секојдневно долго, тивко марширање околу ѕидините на нивниот град. Што ли се случувало?

### Сцена 3

ПАДОТ НА ЈЕРИХОН (6:15-21)

*Позадина: иста како во претходната сцена, само (18) е извадена.*
*Слики: истите како во претходната сцена.*

За седмиот ден Божјиот план бил поинаков. На тој ден, Јошуа му кажал на народот седумпати да маршира околу градот. Еднаш, двапати, трипати, четири пати, пет пати, шест... Било сосема исто како и претходните седум дена: свештениците трубеле со трубите, а сите други молчеле. Го обиколиле градот и по седми пат. Тогаш Јошуа заповедал извикувајќи: "Викајте силно, зашто Господ ви го предаде градот!"

Свештениците затрубиле со трубите, а сите луѓе заедно почнале да викаат со висок и силен глас. И тогаш се случило тоа! Високите, дебели ѕидови на Јерихон паднале и се срамниле со земјата. Никој дури не ги ни допрел ѕидовите, а тие се здробиле на парчиња. Израелците биле вчудоневидени, а жителите на Јерихон преплашени. Бог го направил тоа. Тој му дал победа на својот народ. Секој еден од Израелците знаел дека оваа била Божја победа. Веројатно и луѓето од Хананската земја сфатиле колку голем Бог имаат Израелците.

Тој е и твој Бог, ако Исус Христос е твој Спасител. Тој сака да ти ја даде победата во битките кои ги имаш. Можеш ли да ми кажеш некои работи со коишто често мора да се борат момчињата и девојчињата христијани?

Сега ќе ти раскажам за Роберт. Тој се бореше со лошите зборови. Кај него дома, неговите родители често користеа лоши зборови, особено кога беа лути, така Роберт ги научи, па и тој почна така да зборува. Кога имаше десет години, Роберт стана христијанин и оттогаш натаму тој сакаше да му угоди на Бог. Еден ден тој прочита во својата Библија: "Но сега, отфрлете ги и вие сите овие нешта: гневот, јароста, злобата, хулењето, срамните зборови од својата уста" (Колошаните 3:8). Зборовите "срамни зборови" му останаа во мислите. Тој помисли на зборовите кои ги употребуваше и знаеше дека тие не Му се допаѓаат на Господ. "Господе, те молам, помогни ми да престанам да кажувам лоши зборови" тој се молеше. Веднаш потоа, престана да кажува лоши зборови, но не мина долго време кога пак почна да ги кажува. Меѓутоа, беше засрамен секогаш кога ќе ги кажеше. Тој разговараше за својот проблем со Тоше, едно младо момче кое беше христијанин и вистински пријател на Роберт. И Тоше почна да се моли за Роберт. Роберт се помалку и помалку користеше лоши зборови. Еден ден тој го зачул татка си како вели: "Тоа што Роберт стана христијанин направи промена кај него, особено во начинот на зборувањето. Никогаш не сум го чул да пцуе или да кажува лоши зборови." Тогаш промрморел: "Можеме да се поучиме од него."

Роберт беше среќен и благодарен. Тој победи во битката - всушност, Бог му ја даде победата. Ако си христијанин и ти можеш да победиш исто како што и Израелците победиле.

Штом ѕидовите паднале, секој Израелец можел лесно да влезе во градот и да ги пороби луѓето таму. Жителите на Јерихон биле толку зли што Бог му рекол на Јошуа да ги уништи сите и сè што имале. Израелците не требале да земат од тоа за себе. Сето сребро, злато, бронза и железо требале да се одвојат за Господа. Сите Израелци ја знаеле таа наредба кога влегувале во Јерихон.

## Сцена 4

РААВ И НЕЈЗИНОТО СЕМЕЈСТВО СПАСЕНИ (6:19-27)

*Позадина: урнати ѕидови (19) во далечината.*
*Слики: двајца извидувачи(9, 10), Раав со семејсвото (14, 25, 26), Јошуа (6)*

*(Стави ја сликата 19)* Жителите на Јерихон не

можеле да избегаат. Само неколку луѓе од градот знаеле дека ќе се спасат, дури и без да се обидат да бегаат. Дали се сеќавате кои биле тие? Да, Раав и нејзиното семејство. Зошто биле тие спасени? Бидејќи поверувале во она што им го кажале извидувачите и го обесиле црвеното јаже на прозорецот.

Јошуа *(стави ја сликата 6)* им кажал на извидувачите *(стави ги сликите 9, 10)* да отидат и да ја побараат Раав и нејзиното семејство. Бргу, тие ја нашле куќата со црвеното јаже кое висело низ прозорецот. Внатре во куќата, Раав и семејството чекале. Колку ли другите жители на Јерихон им завидувале кога овие биле одведени на безбедно место надвор од градот *(стави ги сликите 14, 25, 26).* Раав мора да била многу радосна што поверувала во израелскиот Бог и го обесила тоа црвено јаже на прозорецот.

Сетете се дека минатиот пат учевме дека црвеното јаже нè потсетува на скапоцената крв на Господ Исус. Зошто? Бидејќи Тој умрел, за сите Божји деца да бидат спасени од казната за гревот. Но исто така, поради Неговата смрт Тој им дава победа на Своите деца. Пред да станеш христијанин, гревот владее со твојот живот. Ете затоа, толку е лесно да правиш зло. Но кога Господ Исус ќе стане твој Спасител, Тој станува и твојот нов Господар. Тој може да стане тоа, бидејќи кога умрел и воскреснал, Тој ја извојувал големата победа над гревот и Сатаната. Затоа, кога ги водиш битките против злото, побарај помош од Него. Тој ја победил најголемата битка кога умрел и воскреснал, и Тој сигурно ќе ти помогне да победиш. Токму сега, ние ќе направиме пауза за молитва. Ако Го љубиш Господ Исус и си Негово дете, кажи Му со што се бориш и замоли Го да ти помогне. *(Учителе, дај можност за тивка молитва, а потоа ти помоли се на глас)*

Раав се радувала што можела да биде на страната на победниците. Веројатно, таа и нејзиното семејство гледале кон Јерихон од засолништето, во близината на Израелскиот логор. Гледал и Божјиот народ. Сите можеле да видат како пламен и чад се кревале од градот. Јошуа и сиот народ се радувале на големата победа која Бог им ја дал.

## ПРАШАЊА ЗА ПОВТОРУВАЊЕ

Дополни ги зборовите кои недостасуваат.

1. Бог направил Неговиот народ да ја премине реката Јордан _____, _____ .
О. по суво

2. Јерихон имал _____, _____ѕидови.
О. високи, дебели.

3. Секој христијанин води битки против _____.
О. гревот

4. _____ дошол и му кажал на Јошуа како да го освои Јерихон.
О. Господ

5. _____ дена Израелците марширале по еднаш дневно околу градот.
О. шест

6. На седмиот ден тие _____ пати марширале околу градот, а потоа извикале со силни викотници.
О. седум

7. Ѕидовите на Јерихон _____.
О. паднале

8. Бог им ветува на Своите деца дека никогаш нема да имаат премногу _____ искушение.
О. големо

9. Пред човек да стане христијанин, _____ е негов господар.
О. гревот

10. Единствените жители на Јерихон кои биле спасени, биле _____ и нејзиното семејство.
О. Раав



Лекција 3
Сцена 1



Сцена 2



Сцена 3



Сцена 4

# Четврта лекција

## ГРЕВОТ НА АХАН

**Библиски текст за учителот:** Јошуа 7:1-26

**Централна вистина:** Бог им заповеда на Своите деца да бидат свети.

**Примена**

**за неспасените:** Започнуваш да живееш свет живот кога ќе поверуваш во Христос за да те очисти пред Бог.

**за спасените:** Биди послушен на Божјите заповеди и покажи дека Му припаѓаш нему.

**Вовед:** Ахан се прекачува преку ѕидовите.

**Развој на настаните:**
Ахан наоѓа плен. ЦВ
Ахан го зема
Го сокрива
Израелците одат да го освојат Гај
Израелците поразени кај Гај. ЦВНС
Јошуа се моли
Бог му кажува да преземе акција. ЦВС
Сиот народ застанува пред Јошуа
Ахан е избран. ЦВС
Пленот е пронајден во неговиот шатор
Ахан е каменуван. ЦВНС

**Заклучок:** Израел го зазема Гај.

**Стих за учење напамет:** "Бидете свети бидејќи јас сум свет." (1 Петар 1:16)

**Визуелни помагала:** Направи еден шатор (види го дијаграмот на последната страна). Напиши ја централната вистина на хартија или картон изрежан во облик на штит и користи го како визуелен приказ секогаш кога поучуваш некој аспект од таа вистина.

## Сцена 1

ГРЕВОТ НА АХАН (7:1, 21)

*Позадина: еднолична позадина со шатор (види го дијаграмот). Слика 2*

Ахан се прекачил преку срушените ѕидови и влегол во градот Јерихон. Како и другите израелски мажи кои навлегувале во Јерихон, така и тој требал да пази никој од жителите да не избега. Одеднаш, неговите очи светнале од задоволство... и алчност. Тој забележал една прекрасна наметка. Таа била далеку поубава од која било од неговите облеки. Но тоа не било сè - таму, пред неговите сопствени очи имало сребро и злато. "Мора да си земам нешто од пленот", си помислил Ахан. "Никому не ќе му недостига; го има толку многу. Ќе го скријам во мојот шатор."

Зошто Израелците не требале да го испљачкаат градот Јерихон и да се збогатат? Можете ли да го одговорите прашањето? *(дозволи децата да одговорат)* Бог му заповедал на народот да не земаат ништо за себе си, а среброто, златото и бакарот требале да бидат одвоени за Господовото светилиште. Бог сакал Неговиот народ да биде поинаков од другите. Неговиот план бил тие да живеат добри животи во послушност кон Него. Тој им дал многу заповеди за да им помогне да живеат онака како што Тој сака. Божјиот народ знаел дека Бог е свет и дека и тие требале да бидат свети исто така. Тој им заповедал да бидат свети (1 Петар 1:16). Божјиот план за Неговите деца е сосема ист. Тој им заповеда на Своите деца да бидат свети. Ако си Божјо дете, Тој сака да живееш на начин кој ќе покаже дека Му припаѓаш Нему. Во Библијата Тој им кажува на Своите деца како треба да живеат, исто како што многу одамна, му кажал и на Својот народ. Ахан точно знаел дека ќе Му стане непослушен на Бог ако ја земе прекрасната наметка, среброто или златото.

Меѓутоа, тој погледнал наоколу за да види дали некој го гледа - не, немало никој! Бргу, ја грабнал прекрасната наметка, една златна плоча и двестотини сикли сребро. Не знаеме како ги криел додека стигнал до својот шатор, но знаеме дека успеал добро да ги сокрие.

Штом влегол во својот шатор, ископал една дупка во земјата. Прво го ставил среброто во неа, потоа златото и на крај прекрасната наметка. Ја затрупал дупката; сега сè било добро сокриено. "Никој не ќе може да ги најде овде," си мислел Ахан. "Тие се мои."

## Сцена 2

ПОРАЗОТ КАЈ ГАЈ (7:2-5)

*Позадина: на отворено поле. Слики 28 -31*

Се разбира, Јошуа не знаел ништо за ова. Тој не знаел за овој грев на непослушност на Божјата заповед. Јошуа веќе размислувал за следниот град кој морале да го освојат - градот Гај. Гај бил помал град, не требало да биде тешко да се заземе. Бог им дал победа над Јерихон, Тој сигурно ќе им даде победа и над Гај.

Јошуа испратил извидувачи за да го разгледаат градот. Тие се вратиле со многу охрабрувачка вест: "Нема потреба да се испраќа голема војска во Гај. Луѓето во градот се малку на број. Испрати две или три илјади од нашите луѓе - тоа ќе биде повеќе од доволно."

И така, три илјади мажи од израелскиот логор тргнале за да го освојат Гај. Но битката не била лесна *(Стави ги сликите 29 -31)*. Луѓето од Гај жестоко се бореле, па убиле триесет и шест души од израелците. Набргу, малата израелска војска почнала да бега во ужас. Тие биле поразени. Сите се стаписале и преплашиле. Веројатно многумина се прашувале: "Зошто се случи ова?"

Можеш ли да го одговориш нивното прашање? *(Дозволи децата да учествуваат)* Ова се случило бидејќи имало грев во логорот. Бог го видел гревот и бил лут и незадоволен. Бог е свет; Тој е добар и чист; Тој го сака доброто. Тој им дал заповед на своите луѓе, но Ахан не послушал. Мораме да запомниме дека Бог е свет и го мрази гревот. Ако не си Божјо дете, твојот живот е полн со грев и не можеш да живееш со Бог. Гревот не може да биде во Неговата близина. Тебе ти треба Исус Христос за да ги отстрани сите твои гревови. Тогаш твојот живот ќе стане чист во Божјите очи, ти ќе му припаднеш на Бог и ќе станеш Негово дете.

Ако знаеш дека твојот живот е полн со грев и навистина сакаш да станеш праведен пред Бог, но не си сигурен како може тоа да ти се случи, јас со радост ќе ти објаснам од Библијата. Те молам остани да седиш кога другите ќе си отидат. Така ќе знам дека сакаш да разговараш со мене.

Кога веќе припаѓаш на Божјото семејство, Бог ти заповеда да бидеш свет, така како што и Тој е свет. Тоа значи дека ти ќе сакаш да го правиш она што е исправно и добро, а ќе го одбегнуваш она што е погрешно и лошо. Кажи Му го тоа на твојот Небесен Татко и замоли Го да ти прости. Никогаш не смееме да мислиме дека гревот е нешто ситно и неважно. Гревот секогаш го лути Бог; ете затоа и Израелците се нашле во таква неволја.

## Сцена 3

МОЛИТВАТА НА ЈОШУА (7:6-15)

*Позадина: на отворено поле со светилиштето од страна.*
*Слики: 7, 8, 21.*

Јошуа бил опкружен од преплашени луѓе *(Стави ги сликите 7, 8)*. Што можел да стори? Многу мудро, тој Му се помолил на Бог, со лицето кон земјата *(Стави ја сликата 21)*. "О Господе Боже," извикал тој, "Зошто нè пренесе преку реката Јордан само за да нè уништат? Луѓето од оваа земја ќе чујат за нашиот пораз. Ќе нè нападнат и ќе нè истребат. Тогаш Господе Боже, нема веќе да се слуша за Твоето големо име."

Бог веднаш му одговорил на Јошуа: "Стани!" рекол Тој. "Зошто си со лицето кон земјата? Израел згреши и ја прекрши Мојата заповед. Зедоа од работите кои им беа забранети да ги земаат. Јас нема да бидам веќе со вас, ако не ја отстраните оваа работа од вас."

Ова нѝ покажува колку Бог е свет и чист. Ако има грев помеѓу нив, Тој нема да биде со нив. Бог и гревот не можат да бидат заедно. Момче и девојче христијани, зборуваме за вашиот Бог и Небесен Татко. Тој и вам ви заповеда да бидете свети "бидејќи Јас сум свет", (Левит 11:44). Божјите деца мора да го прават она што е исправно и добро. Како би бил свет

- дома, кога ти и твојот брат ќе ја соборите и скршите вазната, борејќи се во дневната соба?
- кога некој друг ќе победи на трката на која си мислел дека ќе победиш ти?
- кога училишниот силеџија ти се заканува дека ќе те претепа ако го избереш новиот ученик да игра во фудбалската екипа?

Во Библијата, Бог нѝ покажува како да живееме на начин кој Нему Му е угоден. Кога не знаеш што е правилно, запрашај се себе си: "Што би направил Господ Исус?" Тогаш направи го она што мислиш дека Господ Исус би го направил. На тој начин ќе бидеш послушен на Божјата заповед да бидеш свет. Кога Божјите деца не се свети, Бог се лути - исто како што се налутил поради гревот на Ахан.

## Сцена 4

ОШУА РАЗГОВАРА СО АХАН (7:16-21)

*Позадина: на отворено поле. Слики: 21а, 32 -34.*

Следното утро, Јошуа станал рано за да преземе акција. Бог му кажал што што да направи со човекот кој згрешил. Но пред сè, Јошуа морал да открие кој бил тој човек.

Целиот израелски народ пристапил пред Јошуа, едно по едно племе *(Стави ги сликите 21а, 32-34)*; вкупно биле дванаесет племиња. Тој го одбрал Јудиното племе - виновникот бил од тоа племе. Јудиното племе застанало пред Јошуа, семејство по семејство *(извади ја сликата 32)*. Заровото семејство било одбрано - виновникот бил од тоа семејство. Заровото семејство застанало пред Јошуа. Ахан бил одбран *(извади ја сликата 34)* - Ахан бил виновникот. Колку ужасен момент за него!

Јошуа, големиот водач му рекол: "Сине мој, воздај му слава и чест на Господа, Израелевиот Бог. Кажи ми што си направил; не криј од мене."

"Навистина, јас згрешив пред Господа," одговорил Ахан. "Еве што направив: кога ги видов наметката, златото и среброто, се полакомив и ги зедов за себе, па ги скрив. Ене, закопани се во земјата во мојот шатор."

Зарем Ахан не сфатил дека е невозможно да криеш од Бог? Тој знае сè; Тој гледа сè.

Можеби денес, овде, има некое момче или девојче кои се христијани, но исто како Ахан, се обидуваат да сокријат некој грев. Токму сега мислиш на нешто што си украл. Си ја прекршил Божјата заповед: "Не кради." Тоа што си го украл е сокриено во твојата соба. Никој не знае за тоа освен ти - и Бог. Бог е незадоволен. Мора да го исправиш тоа уште денес, ако е можно. Врати го украденото таму од каде што си го зел и замоли Го Бог да ти прости. Немој да се обидуваш

да го криеш твојот грев; не можеш да го сокриеш од Бог. Гревот на Ахан се дознал. Каква срамота да стои како виновник пред сите Израелци!

## Сцена 5

УКРАДЕНИТЕ ПРЕДМЕТИ ОТКРИЕНИ (7:22, 23)

*Позадина: еднолична позадина со шатор.*
*Слика: 35.*

Тогаш Јошуа испратил луѓе кои отрчале во Ахановиот шатор за да проверат дали е вистина она што им го кажал Ахан. Додека Ахан и останатите чекале, овие луѓе ги отвориле вратите на шаторот. Кога влегле внатре, погледнале наоколу и забележале едно место кое изгледало свежо копано. Тие бргу ја раскопале земјата и ги пронашле наметката, среброто и златото. "Знајте дека ќе ве стигне казна за вашиот грев," нѝ вели Библијата (Броеви 32:23). Направениот грев го стигнал Ахан.

Луѓето ги донеле скриените работи пред Јошуа. Пред сите луѓе, тие ги положиле пред Господа.

## Сцена 6

СМРТТА НА АХАН (7:24-26)

*Позадина: на отворено поле.*
*Слика: 36.*

Кога Јошуа се осигурил дека Ахан бил виновникот кој бил причина за поразот на Израел кај Гај, тој заедно со народот го извел Ахан во блиската долина. Тие го извеле Ахан, неговото семејство, сѐ што украл, неговите волови и овци, па дури и неговиот шатор. (Веројатно семејството го видело Ахан како ги закопува предметите кои ги украл, па го подржале во тоа.)

Тогаш Јошуа се свртел кон Ахан и му рекол: "Зошто нѝ донесеваков срам? Господ ќе донесе голема неволја над тебе денес."

Тогаш Израелците ги каменувале Ахан и неговото семејство. Откако умреле, Израелците запалиле и изгореле сѐ, па нафрлиле куп камења врз пепелта *(Стави ја сликата 36).*

Сѐ што имало врска со Ахан и неговиот грев морало да биде отстрането од Израелците. Нивниот Бог бил свет; и тие требале да бидат свети. Бог е толку свет што мора да ги казни сите гревови - секоја лага, секоја непослушност, секоја злобна мисла, секоја себичност. Божјите деца, оние луѓе кои поверувале во Исус Христос како свој Спасител, знаат дека Исус Христос ја презел казната која тие ја заслужуваат. Тој го направил тоа кога умрел на крстот. Оние пак, кои не веруваат во Исус Христос како свој Спасител, мора да бидат казнети засекогаш. Или Господ Исус ќе ја преземе казната, или ние самите. Гревот никако не може да биде на небото, бидејќи Бог е свет.

Дали си Божјо дете? Ако не си, те молам размисли внимателно за тоа колку Бог е свет. Размисли за твојот грев кој те држи далеку од Бог, грев кој мора да биде казнет. Но, "Кој верува во Него - нема да биде суден..." (Јован 3:18) Нема ли сега да поверуваш во Господ Исус за да ги отстрани твоите гревови и да те направи чист пред Бог? Тогаш и ти ќе знаеш дека си Божјо дете. Ќе започнеш да живееш свет живот. Сите ние кои Му припаѓаме на Бог, мораме да бидеме послушни на Неговата заповед: "Бидете свети бидејќи јас сум свет". Нашите животи треба да бидат примерни.

И Израелците требале да бидат свети исто така. Секојпат кога некој од нив ќе отидел во долината, купот од камења го терал да размислува за Ахан и за нивниот свет Бог. Штом Јошуа го нашол и го казнил виновникот, Бог повторно го благословил него и целиот народ. Уште еднаш Јошуа испратил војска во Гај и овојпат тие донеле голема победа.

## ПРАШАЊА ЗА ПОВТОРУВАЊЕ:

1. Што заповедал Господ за пленот во Јерихон?
О. Среброто, златото и скапоцените метали во Господовото сокровиште, сѐ друго да биде уништено.

2. Зошто Бог му дал многу заповеди на Својот народ?
О. За да биде поинаков од другите народи, покажувајќи дека му припаѓа на Бог.

3. Што значи "свет"?
О. Поинаков, чист, добар.

4. Што зел Ахан за себе си?
О. Сребро, злато и една наметка.

5. Каде го сокрил?
О. Во својот шатор.

6. Кој го видел како го крие пленот?
О. Бог.

7. Ако Бог мора да го казни сиот грев, како може некој да ја избегне таа казна?
О. Само оние кои веруваат во Исус Христос се заштитени, бидејќи Тој бил казнет наместо нив.

8. Што се случило со Израелците поради гревот на Ахан?
О. Биле поразени кај Гај.

9. Што направил Јошуа кога слушнал за поразот?
О. Се помолил.

10. Што се случило на крајот со Ахан?
О. Бил каменуван до смрт.

# Петта Лекција

## РАСКАЗОТ ЗА ГАВАОНЦИТЕ



Лекција 4
Сцена 1



Сцена 2



Сцена 3



Сцена 4



Сцена 5



Сцена 6

**Библиски текст за учителот:** Јошуа 9:1 - 10:27

**Централна вистина:** Бог сака Неговите деца да зависат од Него.

**Примена за спасените:** Верувај во Бог кога Сатаната те искушува, кога мора да донесуваш одлуки, или да вршиш тешки работи.

**Вовед:** Надитрени со парче мувлосан леб

**Развој на настаните:** Гаваонците се плашат
План да се надитри Јошуа
Средба со Јошуа. ЦВС
Гаваонците склучуваат сојуз со Јошуа. ЦВС
Јошуа ја дознава вистината. ЦВС
Петте цареви се здружуваат против Гаваон
Гаваонците му кажуваат на Јошуа
Господ го уверува Јошуа
Израелците одат во борба. ЦВС
Непријателите бегаат
Јошуа заповеда сонцето да застане

**Кулминација:** Сонцето престанува да се движи. ЦВС

**Заклучок:** Непријателот разбиен и петте цареви убиени

**Стих за учење на памет:** "Верувај во Бог со сето срце и не потпирај се на својата мудрост." Поговорки 3:5

**Визуелни помагала:** Напиши ги зборовите од централната вистина на картон изрежан во облик на штит. Користи го како визуелно помагало секој пат кога поучуваш некој аспект од вистината.

Оваа лекција е особено наменета за спасените деца. Можеш да го употребиш текстот што следи, за да ги поучиш неспасените деца за нивната потреба од Христос, за да можат да дојдат во Божјото присуство.

Едно мало момче седело натажено на поплочениот тротоар надвор од палатата. Се чинело дека никој не му обрнува внимание, се додека еден човек не застанал и го запрашал љубезно:

"Зошто плачеш?"

"Сакам да го видам царот, но не ми дозволуваат", плачејќи се пожалило детето.

"Дојди со мене", рекол човекот и го повел за рака. Поминале покрај стражарите и влегле во палатата. Минале низ долгите ходници и влегле право во собата на царот.

"Добредојде", му рекол царот на момченцето. Тоа било многу збунето. "Како можел овој човек толку лесно да влезе кај царот?" Човекот го забележал збунетиот израз на лицето на момченцето, па објаснил: "Јас сум царскиот син".

Бог е најголемиот цар, а кај Него можат да дојдат само оние луѓе кои Неговиот Син ќе ги донесе. Господ Исус умрел за да ги доведе луѓето кај Бог - "Зашто и Христос умре за гревовите еднаш засекогаш, Праведниот за неправедните, за да може да нè одведе кај Бог." (1 Петар 3:18). Тој умрел за да те доведе кај Бог. Треба да Го замолиш да стане твој Спасител и Господ, инаку не можеш да дојдеш при Бог. Ако поверуваш во Него, ти не само што ќе одиш на Небото кога ќе умреш, туку и секојдневно можеш да доаѓаш во Неговото присуство, во било кое време и да разговараш со Него како со Твој Небесен Татко.

(Учителе, покажи парче мувлосан леб)

Еден ден, Јошуа бил надитрен од едно вакво парче леб. Како се случило тоа?

## Сцена 1

ГАВАОНЦИТЕ СЕ ПРЕДСТАВУВААТ ПРЕД ЈОШУА (9:1-15)

*Позадина: Логор кај Галгал (Јошуа 9:6)*
*Слики: 6, 7, 37-39.*

Жителите на Ханан биле преплашени. "Си слушнал ли за оние новите луѓе?" веројатно се прашувале еден со друг. "Да, изгледа дека победуваат во секоја битка."

"Големите ѕидини на Јерихон падналe и тие го освоиле градот. Сега е изгорен до земја."

"Тие го зазеле и Гај исто така."

"Што ќе се случи со нас?"

"Ќе нè поробат и нас; многу ми е страв!"

И Гаваонците биле исплашени. Израелците пак, логорувале во близина, кај Галгал.

"Израелците ќе го освојат нашиот град секој момент", си велеле помеѓу себе.

"Никогаш не би можеле да ги поразиме во битка."

"Единствена надеж нѝ е да ги надитриме".

И така, тие одлучиле да го направат тоа. Некои од Гаваонците се облекле во стари, износени алишта и ги обвиткале стопалата со парталави обувки. Ставиле сув и мувлосан леб во торбите, па кинисале да се сретнат со Јошуа и да го надитрат. *(Стави ги сликите 6, 7, 37-39)*

"Доаѓаме од далечна земја", проговориле со изморен глас кога го виделе водачот на Божјиот народ. "Ве молиме, склучете договор со нас."

Дали било вистина тоа што го кажувале тие? Не, тие се обидувале до го изиграат Јошуа. Ако си Божјо дете, има еден кој се обидува да те изигра и тебе. Тој е Сатаната, Божјиот непријател. Тој ќе се обиде да те натера да веруваш дека не е важно да ја читаш Библијата; "Не мора вечерва, изморен си", ќе ти рече во мислите. Можеби чувствуваш дека не е добро да ја гледаш видео касетата на твоите другари. Едноставно знаеш дека Господ Исус не сака да ја гледаш таа касета. А, Сатаната те тера да мислиш: "Па сите ја гледаат, зошто не и јас". Кога Сатаната се обидува да те изигра, потпри се на Бог за да ти помогне. Прашај Го Бог: "Што да направам?" Тој ќе ти покаже што е исправно. Така нема да бидеш изигран од лагите на Сатаната.

Тие изгледале како преморени патници. Па така Јошуа ги запрашал: "Кои сте вие и од каде доаѓате?"

"Ние сме ваши слуги и доаѓаме од далечна земја", одговориле тие преправајќи се истоштени од патувањето. "Чувме за вашиот голем Бог. Сакаме да склучиме договор со вас." Јошуа ги забележал нивните искинати алишта. Дури и обувките им биле излижани од патувањето. "Еве, видете", рекле тие вадејќи го лебот од своите торби. "Овој леб беше топол кога го зедовме за по пат од нашите куќи." Јошуа си помислил: "Тие патувале со денови, штом лебот им се исушил и мувлосал".

Дали да склучи договор со нив, или не? Му било тешко да одбере. Што мислиш, што требало Јошуа да стори пред да одлучи? Требало да се помоли. Бог сака Неговите деца да зависат од Него кога треба да донесуваат одлуки. Во Библијата читаме: "Верувај во Бог со сето срце и не потпирај се на својата мудрост" (Поговорки 3:5). Тоа значи дека Бог сака да побараме помош од Него, наместо да се обидуваме сами да ги си средуваме работите.

Ние кои сме Божји деца, треба да го запомниме ова кога мораме да донесуваме одлуки. Одлуки - како на пример дали да се запишеш на курсот по гимнастика кој е во истото време како и Клубот на добрата вест; или пак, дали да дадеш дел од своите пари за да им помогнеш на децата кои немаат храна? Ако дадеш дел од своите пари, нема да можеш да си го купиш воениото бротче за кое си ги собирал парите. Замоли Го Бог за ти помогне да го направиш правиот избор.

Вие очекувате дека и Јошуа го сторил тоа, зарем не? Но не, тој не го сторил тоа. Библијата нѝ вели дека тој не го замолил Господ да му каже што да прави. Ги погледнал луѓето и им поверувал на зборовите. Се согласил да направи договор со нив и да им вети дека Израелците нема да ги поробат ниту да ги убијат. Бог однапред му рекол на Својот народ да не склучува договор за мир со никои од жителите на Хананската земја. Но Јошуа поверувал дека овие изморени патници не се од Хананската земја и дека доаѓаат од многу далеку.

## Сцена 2

ГАВАОНЦИТЕ СТАНУВААТ СЛУГИ НА ЈОШУА (9:16-27)

*Позадина: истата како во Сцена 1.*
*Слики: 5, 40 - 43.*

Но по три дена, Јошуа *(стави ја сликата 5)* сфатил дека направил грешка. Тие "изморени патници" всушност биле нивните соседи, Гаваонците. Тие го надитриле, бидејќи тој не Го замолил Бог да му помогне да одлучи правилно. Божјите деца треба секогаш да бараат помош од Бог кога треба да донесуваат одлуки. Во спротивно ќе прават големи грешки, исто како Јошуа. Израелците не можеле да го раскинат договорот, па така не можеле да ги поробат и убијат Гаваонците. Некои Израелци се пожалиле поради тоа. "Зошто да не ги натераме да нѝ станат слуги? Тие би можеле да сечат дрва за нас и да нѝ носат вода", предложиле тие.

Јошуа ги слушнал нивните жалби, а исто така зборувал и со Гаваонците. "Зошто нѐ измамивте?", ги запрашал тој. "Бевме исплашени", одговориле Гаваонците.

Веројатно Јошуа размислувал што да направи. Така, одлучил Гаваонците да станат слуги на неговиот народ *(Стави ги сликите 40-43)*. Но сигурно жалел за големата грешка што ја направил претходно.

Ајде да ви раскажам за Роберт кој исто така направил грешка. Јас ќе ви раскажам за него, а вие мора да ја откриете неговата грешка.

Наставничката на Роберт предавала дека животните, птиците и луѓето многу постепено се развивале во она што се денес. Тие еволуирале низ многуте години и имаат ист почеток. Роберт си помислил: "Тоа не е она што го вели Библијата. Ќе му покажам на одделението дека наставничката не е во право." Многу самоуверено, Роберт станал да зборува. Но одеднаш се збунил и не му текнувало што да каже. Лицето му се вцрвило, промрморел нешто, па си седнал. Слушнал неколку кикотења зад себе, а наставничката си продолжила со предавањето.

*(Учителе: низ разговор нагласи дека Роберт имал право кога сакал да објасни дека Бог е Создателот на сѐ. Неговата грешка била што не Го замолил Бог да му помогне, туку бил премногу уверен во себе си, што дури и не испланирал што треба да каже пред да стане да зборува.)*

Штом Го љубиш Господ Исус, потпри се на Него за помош. "Верувај во Господ со сето свое срце."

Јошуа предоцна сфатил дека не го сторил тоа. Но Бог сеуште се грижел за него. Му помогнал да се поучи од оваа грешка.

## Сцена 3

ПЕТТЕ ЦАРЕВИ ВОЈУВААТ ПРОТИВ ЈОШУА (10:1-6)

*Позадина: надвор на отворено.*
*Слика:44*

Околу градот на Гаваонците имало други силно утврдени градови. Над секој од овие градови владеел по еден цар. *(Стави ја сликата со царевите на таблата).* Тие биле силни и моќни цареви, но ете сега биле исплашени. И тие слушнале колку е голем Богот на Израелците. Слушнале како ѕидовите околу Јерихон се срушиле. Слушнале за победата кај Гај. Слушнале како Гаваонците склучиле мир со Израелскиот народ.

Еден од овие цареви бил толку исплашен што испратил абер до другите цареви. "Дојдете при мене", рекол тој, "и помогнете ми, та заедно да ги нападнеме Гаваонците затоа што тие склучиле мир со Израелскиот народ". Така царевите се собрале и заедно со своите војски го опколиле градот Гаваон и биле спремни за напад.

Кога Гаваонците сфатиле дека се во опасност, му испратиле порака на Јошуа. "Те молиме дојди бргу и избави нѐ; царевите се собраа за да нѐ нападнат".

## Сцена 4

ЈОШУА ЗАПОВЕДА СОНЦЕТО ДА ЗАСТАНЕ (10:7-27)

*Позадина: бојно поле.*
*Слики: 5, 46-47. Прилепи ги сликите 45а и 45б на сликата 45 и стави ги во позадина.*

Можеби Јошуа *(стави ја сликата 5)* бил доведен во искушение да се исплаши кога чул дека овие моќни цареви и сите нивни војски се подготвувале да се борат проти него. Но Господ му проговорил со многу утешни зборови. Тој му рекол на Јошуа: "Не плаши се од нив. Јас ги предадов сите нив во твоите раце. Ти ќе победиш во борбата; ниеден од нив нема да успее против тебе".

Сега веќе Јошуа можел да се бори против моќните цареви, со вистинска увереност. Зошто да се плаши од она што би можел да му го направи кој било од овие цареви, кога тој го имал најголемиот и најмоќен Цар над царевите на својата страна? Бог му рекол дека веќе ги предал непријателите во неговите раце. Јошуа Му верувал на Бог со сето свое срце. Момчиња и девојчиња христијани, Тој е и ваш Бог. Тој е семоќен и се грижи за вас. Никогаш нема да ве изневери. Луѓето, па дури и вашите мајка и татко или пак вашите најдобри другари можат да ве изневерат, но Бог неможе да ве изневери. Кога треба да донесувате тешки одлуки, или да правите работи кои ви се тешки, потпрете се на Бог, токму како што направил и Јошуа кога отишол во борба.

Израелците излегле да го пресретнат непријателот и многумина од непријателските војници биле убиени. Непријателот бегал во ужас, а Израелците ги гонеле. Одеднаш силен град од камења почнал да паѓа од небото убивајќи многу поголем број од непријателите.

Меѓутоа времето брзо одминувало. На Израелците им недостасувало време за да можат целосно да ги поразат овие моќни цареви и нивните војски. Па Јошуа му заповедал на сонцето: "Сонце и месечино застанете!" Колку необична заповед. Бог ја услишал, и тоа е единствениот пат во историјата на човештвото кога сонцето застанало. Ова им овозможило на Израелциете подолг ден за да се борат и да победат во битката.

Јошуа бил толку радосен што можел да Му верува на Бог. Бог бил толку моќен и силен; Тој секогаш можел да му помогне на својот народ. Тој секогаш може да ти помогне и тебе ако си Негово дете. Кога треба да направиш нешто кое ти се чини тешко - како на пример да му кажеш на твоето другарче дека си христијанин, или пак кога треба да ја чуваш твојата мала сестричка кога твоите родители ќе отидат на гости - потпри се на Бог. Тој секогаш може да ти помогне. Тој дури и направил сонцето да застане на едно место само за да му помогне на својот народ.

Петте цареви кои ја предизвикале војната, сфатиле дека ќе изгубат. Затоа тие избегале и се сокриле во една пештера. Кога Јошуа дознал за тоа, тој наредил: "Навалете големи камења на влезот на пештерата и поставете луѓе пред неа за да ја чуваат". Подоцна, кога привршила битката, петте цареви биле изведени од пештерата и убиени.

Сите Израелци знаеле дека победиле само затоа што Бог бил со нив. Зарем не е прекрасно за тебе кој Го познаваш Господ Исус да знаеш дека Бог сака да ти помогне. Кога Сатаната се обидува да те надитри, кога треба да направиш нешто кое ти е тешко, потпри се на Бог. "Верувај во Бог со сето срце и не потпирај се на својата мудрост" (Поговорки 3:5).

## ПРАШАЊА ЗА ПОВТОРУВАЊЕ:

1. Зошто Гаваонците сакале да склучат сојуз со Јошуа?
О. Тие дознале за победата над Јерихон и над Гај.

2. Како се облекле тие и зошто?
О. Во парталави алишта за да изгледаат како патници кои доаѓаат од многу далеку.

3. Зошто бил Јошуа надитрен?
О. Не Го прашал Бог што да направи.

4. Кој е тој што сака да ги надитрува христијаните?
О. Сатаната.

5. Доврши го библискиот стих: "Верувај во Бог со сето срце..."
О. "И не потпирај се на својата мудрост" (Поговорки 3:5).

6. Зошто Божјите деца можат да се потпрат на Бог?
О. Затоа што Тој е семоќен и не изневерува.

7. Кои се налутил поради тоа што Гаваонците склучиле мировен договор со Израелците?
О. Петте цареви.

8. Како Бог го охрабрил Јошуа пред борбата?
О. Бог зборувал со него и му ветил победа.

9. Кое било најнеобичното нешто што се случило за време на борбата?
О. Сонцето застанало во место.

10. Колкупати во историјата на човештвото се случило вакво нешто?
О. Еднаш.



Лекција 5, Сцена 1



Лекција 5, Сцена 2



Лекција 5, Сцена 3



Лекција 5, Сцена 4

# Шеста Лекција

## ЈОШУА СЕ ЗБОГУВА СО НАРОДОТ

**Библиски текст за учителот:** Броеви 13:17-33; Јошуа 14:1-15; 23:1-24:26. Искористи ја оваа лекција за повторување на вистините предавани во претходните пет лекции. На крајот заклучи со вистината: "Бог ќе ги земе Своите деца на небото".

(Во овој преглед, централната вистина од првата лекција е наведена како ЦВ1 итн.)

**Вовед:** "Дополни го името кое недостасува"

**Развој на настаните:** Халев и Јошуа ја извидуваат Хананската земја
Тие Му веруваат на Бог во врска со земјата. ЦВ5С
Луѓето се плашат
Четириесет години подоцна, Халев и Јошуа влегуваат во Ханан. ЦВ2С
Халев ја побарува планината
Јошуа му ја доделува планината
Халев ги истерува непријателите. ЦВ3С
Јошуа зборува со народот. ЦВ4С
Тој ги предизвикува луѓето да изберат
- предизвик за неспасените
Склучува завет
Јошуа умира. "Бог ќе ги одведе Своите деца на небото."

**Стих за учење напамет:** Повторување на : 1 Петар 1:16; Поговорки 3:5.

**Визуелни помагала:** Раздели ја фланелографската табла на четири дела со две парчиња коноп. Употреби го секој од деловите за по една од сцените и, по можност, придодај го штитот со соодветната централна вистина покрај секоја сцена.

Направи и шести штит на кој ќе ги напишеш зборовите: "Бог ќе ги земе Своите деца на небото"; него ќе го употребиш на крајот на лекцијата.

### Вовед

*(Учителе: прилагоди ја дополнаведената идеја со тоа што ќе наведеш парови кои им се познати на децата кои ги поучуваш.)*

Јас ќе го кажам името на некоја позната личност. Вие ќе ми го кажете името на другата личност од парот. На пример: Том и _____ . Одговорот е Џери.

Станлио и _____
Ивица и _____
Убавицата и _____
Попај и _____
Јошуа и _____

### Сцена 1

ИЗВИДУВАЧИТЕ ГО ИЗВЕСТУВААТ МОЈСЕЈ
(Јошуа 14:7-9; Броеви 13:17-33)

*Слики: Употреби ги малечките слики 09 А 90 Е.*

Да, Халев и Јошуа отишле заедно на таа возбудлива извидувачка авантура во Хананската земја. Таму тие виделе потоци со блескава вода и вкусни плодови - смокви, калинки и огромни гроздови. Меѓутоа тие исто така виделе и луѓе кои биле поголеми од нив; ги нарекле ѕинови.

Откако Халев, Јошуа и останатите десетмина извидувачи поминале четириесет дена разгледувајќи ја земјата, се вратиле кај Мојсеј и народот, кои пак го очекувале нивниот извештај.

Извидувачите им раскажале на Мојсеј и на народот дека земјата била богата со многу добри плодови за јадење. Тие исто така додале: "Но таму има и ѕинови, а и градовите се силно утврдени".

Луѓето се преплашиле. Тие извикувале дека никогаш нема да можат да ги победат ѕиновите.

Но Халев рекол: "Ајде веднаш да тргнеме и да ја заземеме земјата. Ние можеме да ја завладееме." Халев знаел дека Бог им ја ветил оваа земја. И тој и Јошуа обајцата знаеле дека можат да се потпрат на Бог. Ние учевме за тоа минатиот пат. "Бог сака Неговите деца да зависат од Него."

Ако си Божјо дете, нема потреба да се грижиш, ниту да се плашиш. Дали има нешто што те загрижува токму сега? Кажи Му го тоа на Бог и замоли Го да ти помогне. Тој нема да те изневери. И Халев и Јошуа биле сигурни во ова - дури и кога другите извидувачи рекле: "Неможеме да одиме против тој народ - видовме колкави ѕинови се тие. Ние сме баш како скакулци во споредба со нив."

Без разлика на ова што го рекле пред четириесет години овие плашливи и сомничави луѓе, непријателите од Хананската земја не ги повредиле Божјите луѓе. Бог го заштитил Својот народ од секоја опасност. Тој ги заштитува Своите деца - од опасности, од силата на Сатаната и неговите планови, од казната за гревот. Дали се сеќаваш на Библискиот стих кој ни вели дека оние кои Му припаѓаат на Господ Исус нема никогаш да бидат судени заради своите гревови? Да, тој стих е во Римјаните 8:1. Ајде да го повториме заедно.

## Сцена 2

ХАЛЕВ ЗБОРУВА СО ЈОШУА (14:6-16)

*Сликите 6 и 48.*

Јошуа и Халев биле двајцата најстари мажи меѓу Израелците. Останатите биле децата на оние кои негодувале во пустината. Еден ден, Халев, стариот пријател на Јошуа, дошол да го посети.

"Јошуа," му рекол, "сакам да те потсетам на ветувањето кое Мојсеј ми го даде пред четириесет години. Се сеќаваш, кога дојдовме овде како извидувачи, Мојсеј ми вети дека ќе ми даде дел од земјата - овој планински предел. Оттогаш јас го следев Господа со сето свое срце. Иако веќе сум на осумдесет и пет години, јас сум сè уште здрав и силен. Знам дека има непријатели кои живеат во овој планински предел, но сигурен сум дека можеме да ги истераме." Јошуа му го доделил на Халев планинскиот предел кој му бил ветен. Не поминало долго кога сите непријатели биле истерани од планината и Халев победил во сите битки против нив. "Бог им дава победа на Своите деца". Можеш ли да наброиш некои работи против кои се борат христијаните? Гордост, себичност, лош табиет, лоши зборови, мрзеливост, лоша навика. Различни луѓе се борат со различни работи, но ниту една не е претешка за Господ. Можеби, отткако учевме за ова на клубот, некој од вас, со Божја помош извојувал победа и сега би сакал да ни раскаже за тоа. *(Дај можност едно или повеќе деца да споделат.)* Многупати во својот живот Халев Му верувал на Бог дека ќе му даде победа. Сега Тој со своето семејство си живееле среќно во нивниот дом на планината. А мирот владеел низ целата Хананска земја.

## Сцена 3

ПОРАКА ЗА ЗБОГУВАЊЕ ОД ЈОШУА ДО НАРОДОТ (23:1-24:15)

*Слики: 49, 7, 32.*

Многу години изминале и Јошуа веќе бил на сто и десет години. Знаел дека набргу ќе умре и ќе отиде при Бог засекогаш. Но пред да отиде, тој сакал да му порача нешто на својот народ.

Сите водачи се собрале заедно. Јошуа им рекол: "Видовте сè што Господ направи. Тој се бореше за вас. Сите непријатели кои преостануваат ќе бидат протерани. Но вие морате да бидете цврсти и храбри и да извршувате сè што е напишано во Книгата на Законот. Немојте да ги обожавате лажните богови на луѓето од оваа земја. Ако Му станете непослушни на Бог и се отстраните од Него, ќе претрпите ужасна казна." Јошуа го потсетувал народот дека Бог очкува од нив да живеат поинаку од другите народи наоколу. Тој им заповедал да бидат свети.

Зошто треба Божјите деца да бидат свети? Бидејќи Бог, нивниот Татко е свет; и бидејќи Тој им заповеда на своите деца да бидат свети. Ако кажуваш дека си христијанин, со твојот живот треба да покажеш дека сакаш да го правиш она што е исправно и добро. Честопати тоа ќе значи да бидеш поинаков од другите. На другите можеби нема да им се допаѓа тоа, но на Бог ќе Му се допаѓа. Јошуа навистина сакал луѓето да живеат послушно во нивната нова земја.

## Сцена 4

ЈОШУА СКЛУЧУВА ЗАВЕТ СО НАРОДОТ (24:16-31)

*Слики: 50, 51, 52, 7, 32.*

Јошуа им кажал на луѓето дека мора да одлучат нешто многу, многу важно. Им рекол дека мора да одлучат дали ќе им служат на лажните богови - или на единствениот вистински Бог Кој ги извел од Египет и им го подарил овој прекрасен нов дом. "Денес, вие мора да изберете кому ќе му служите", ги предизвикал тој. "А пак јас и моето семејство ќе Му служиме на Господа." Не било доволно само што го слушале Јошуа, туку тие требале и да изберат. И денес е исто со некои момчиња и девојчиња на Клубот на Добрата вест. Вие научивте многу за тоа што значи да се биде Божјо дете. Слушавте но сè уште не сте поверувале во Господ Исус како свој Спасител. Бог вели: "Избери денес!" Ако си сигурен дека сакаш да станеш Божјо дете, тогаш веднаш сега поверувај во Христос. Бог ветува: "А на сите што Го примија, им даде власт да станат Божји деца" (Јован 1:12). Кажи Му: "Господе Исусе, те молам опрости ми ги гревовите. Знам дека умре заради мене. Сакам да бидам Божјо дете. Сакам да Му служам на Господ". Јошуа рекол: "Јас ќе Му служам на Господа". Луѓето одговориле: "И ние ќе Му служиме на Господа, затоа што Тој е нашиот Бог".

Тогаш Јошуа склучил договор со народот. Ги запишал овие зборови во Книгата на Божјиот Закон. Поставил голем камен под едно дабово дрво во близината. Овој камен требало да ги потсетува луѓето за ветувањето кое го дале и договорот кој го склучиле.

Набргу потоа Јошуа умрел. Бог бил со Јошуа преку целиот негов живот. Го направил силен и му дал многу победи. Сега, на крајот, битките на Јошуа биле завршени и тој заминал да живее со Бог засекогаш. Но познатите водачи од Библијата не се единствените кои заминуваат при Бог. Бог ќе ги земе сите Свои деца на небото. Таму ќе нема тага, ниту болка, ниту смрт. Тоа е место исполнето со радост и среќа. Ако си Божјо дете и ти ќе бидеш таму. Ќе живееш засекогаш заедно со Бог, со Господ Исус и со сите Божји деца. А и Јошуа, кого го запознавме изминативе недели, ќе биде таму исто така!



Лекција 6, Сцена 1



Лекција 6, Сцена 2



Лекција 6, Сцена 3



Лекција 6, Сцена 4



**СКИЦА НА ШАТОРОТ:** 1,5 см на сликава одговара на 9 см на фланелографската табла. Направи го шаторот од фланел со светла боја, едноличен или со риги. Распори го на средината. Стави го на црна или темна позадина.



**Основна позадина со светилиштето од страна**

**Кратка содржина на чекорите за советување на детето**
**кое сака да дојде при Христос**
(чувај ја во својата Библија)

## Потруди се детето да разбере за:

**Бог**
Кој е Бог?
Бог нѐ створил. Тој нѝ зборува преку Библијата.
Бог е свет и чист. Тој нѐ љуби.

**Гревот**
Што е гревот?
Гревот е непослушност на Божјите заповеди. Тој е против Бог.
Зборувај за конкретни гревови.
Детето е грешник.
Гревот заслужува казна.

**Спасителот**
Кој е единствениот кој може да го отстрани твојот герв?
Зошто тој може да го отстрани твојот грев?
Бог Синот умрел на крстот заради грешниците.
Господ Исус воскреснал од мртвите. Тој е Господ над сѐ.

## Објасни како може да се спаси:

Објасни што Господ сака ние да сториме, а што Тој ќе стори.
Употреби стих од Библијата (Јован 1:12; 3:16; 6:37;
Дела на апостолите16:31; Римјаните 6:23 или 10:13).
Што сака Господ да сториш?
Што ќе стори Господ?

## Зборувај за сигурноста на спасението

Наврати се на библискиот стих што го употреби.
Зборувај за променет живот.
Кажи му во кои работи може да биде сигурна една личност која вистински верува во Христис.

## Дај (подоцна) некои совети за христијанскиот живот

Читај и практикувај ја Библијата.
Разговарај со Бог, нашиот Небесен Татко.
Кажувај им на другите што направил Господ Исус за тебе.
Барај од Бог да ти прости кога ќе згрешиш.
Дружи се со други христијани.
Запомни дека Господ Исус ветува: "Никогаш нема да те напуштам."